# З А П И С Н И К
## Од Четириесет и шестата седница на Програмскиот совет на МРТ одржана на 12.06.2026 година, во 11:00 часот, сала за состаноци во МРТ

**Присутни членови на Четириесет и шестата седница на Програмски совет на МРТ:** ***Давор Пашоски, Ивана Ефремовски, Бурим Рамадани, Патриот Лумани, Беким Лачи, Томислав Кежаровски, Миле Грозданоски, Марјан Велевски, Музбајдин Ќамиљи, Владимир Палашевски, Лазо Трпков и Маја Седрак.***

**Онлајн присутни на седницата:** ***Билјана Бабиќ.***

**Други присутни на седницата: Павле Беловски од ССНМ, Перо Момировски од ССНМ, Наталија Зафировска од ССНМ, Јован Лесански од ССНМ, Билјана Георгиевска од ССНМ, Слаѓана Миливојевиќ од СО при МРТ, Љубица Пуцаревиќ од СО при МРТ, Орце Гелевски од СО при МРТ, Валентин Поповски од СО при МРТ и Бесим Сејдиу од СО при МРТ.**

Четириесет и шестата седница на Програмскиот совет започна во 14:05 часот, со утврдување присуство на сите членови, односно обезбеден кворум за работа од страна на Претседателот на Програмскиот совет Давор Пашоски.

Претседателот на програмскиот совет, Давор Пашоски го прочита Дневниот ред за Четириесет и шестата седница, како што следува подолу:

**Дневен ред:**

1. **Разгледување и усвојување на Записникот од 45-та седница на Програмскиот совет на МРТ.**
2. **Средба со Директорот на МРТ и претставниците на синдикалните организации при МРТ.**

Претседателот го стави Дневниот ред на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 1. Разгледување и усвојување на Записникот од 45-та седница на Програмскиот совет на МРТ.**

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ го прочита текстот на Предлог-записникот од Четириесет и петтата седница на Програмскиот совет. Текстот на предлог записникот беше ставен на гласање:

Текстот на предлог записникот беше ставен на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 2. Средба со Директорот на МРТ и претставниците на синдикалните организации при МРТ.**

Претседателот на Програмскиот совет ја отвори втората точка од дневниот ред најпрво со претставниците од ССНМ, при што им се заблагодари за присуството и за доставените иницијативи, барања и предлози, како и за нивниот активен придонес во унапредувањето на социјалниот дијалог во Македонската радио-телевизија.

Претседателот истакна дека Програмскиот совет ја цени улогата на сите репрезентативни синдикати во заштитата на правата и интересите на вработените, како и нивниот придонес во унапредувањето на работните услови и развојот на социјалниот дијалог во Македонската радио-телевизија. Определбата на Програмскиот совет на МРТ е да се гради отворен, редовен и конструктивен дијалог со синдикатите и менаџментот, бидејќи само преку партнерски однос може да се дојде до одржливи решенија и долгорочен развој на јавниот сервис.

Претседателот на Програмскиот совет потсети дека, како што синдикалните претставници биле веќе информирани на првата средба одржана во ноември минатата година, во претстојниот период особен фокус ќе биде ставен на финансиската и институционалната стабилност на МРТ, модернизацијата и дигиталната трансформација, подготовката на новата петгодишна стратегија за развој, започнување на процесот на подготовката на нов Закон за МРТ, кадровскиот развој, подобрувањето на условите за работа и понатамошното јакнење на социјалниот дијалог и колективното договарање.

Во продолжение на дискусијата, беше истакнато дека Програмскиот совет ги разгледал сите доставени материјали, вклучително и реакцијата во однос на Анексот на Колективниот договор, барањето за отпочнување постапка за склучување нов Колективен договор и иницијативата поврзана со исплатата на дневници.

Во однос на прашањето за ништовност на Анексот на Колективниот договор, Програмскиот совет побара и разгледа две правни мислења од проф. д-р Лазар Јовевски. Согласно доставените мислења, не постојат правни основи потпишаниот Анекс на Колективниот договор да се смета за ништовен или незаконит. Истовремено, правните мислења упатуваат дека постои можност репрезентативен синдикат да пристапи кон постојниот Колективен договор, како и можност паралелно да се отпочне процес на колективно преговарање за нов Колективен договор.

Оттука, Програмскиот совет констатира дека можат да се издвојат две важни работи:

- постојат основи да се разгледа можноста за пристапување на ССНМ кон постојниот Колективен договор, согласно законските процедури;

- имајќи предвид дека важноста на актуелниот Колективен договор истекува во текот на оваа година, постои потреба навремено да се започнат подготовки и разговори за отпочнување постапка за колективно преговарање и склучување нов Колективен договор.

Во однос на прашањето за дневниците, од доставените информации произлегува дека станува збор за оперативно прашање кое е во надлежност на менаџментот и финансиските служби на МРТ. Сепак, Советот ја нотира потребата обврските утврдени со Колективниот договор да се исполнуваат навремено и во согласност со утврдените процедури. Воедно, од доставената информација од Кабинетот на директорот произлегува дека доцнењето во исплатата било поврзано со административните постапки по промената на раководството и потребата од завршување на процедурите за овластување и депонирање на потписите во надлежните институции и банки. Според информацијата, по завршувањето на овие постапки се преземаат активности сите исплати, вклучително и патните налози и дневниците, да се реализираат навремено и без дополнителни застои.

Имајќи предвид дека денешната средба е пред сè посветена на директна размена на мислења со директорот на МРТ, Претседателот Давор Пашоски предложи најнапред да му се даде збор на директорот накратко да ги претстави своите приоритети, планови и активности за претстојниот период.

Потоа ќе се даде збор на претставниците на ССНМ, при што тој замоли нивните излагања да бидат фокусирани на приоритетите кои ги има ССНМ, очекувања, предизвици и конкретни предлози за наредниот период.

Збор зема директорот на МРТ, Зоран Ристоски, кој истакна дека еден од неговите клучни приоритети е подобрувањето на условите за работа на вработените, кадровското јакнење на институцијата и создавањето предуслови за стабилен и одржлив развој на јавниот сервис. Тој посочи дека во изминатиот период се наталожиле бројни предизвици и отворени прашања, но дека се пристапува кон нивно систематско и постепено решавање, согласно реалните можности и расположливите ресурси.
Во своето излагање, директорот особено ја нагласи потребата од вработување и задржување на млади кадри, оценувајќи дека обезбедувањето кадровска обнова е суштински предуслов за иднината и развојот на Македонската радио-телевизија. Според него, без навремено вклучување на нови генерации професионалци, јавниот сервис ќе се соочи со сериозни кадровски предизвици во наредниот период.
Во однос на прашањето за исплатата на дневниците, директорот информираше дека сите заостанати дневници се исплатени, при што појасни дека доцнењето било резултат на административни постапки и процедури кои претходно требало да бидат завршени.

Воедно, тој истакна дека платите на вработените во МРТ, како и надоместоците на хонорарните соработници, се исплаќаат редовно и без доцнење.

Потоа збор зема Перо Момировски од ССНМ кој му посака успешна работа на Директорот Зоран Ристоски во мандатот кој му претстои и ги претстави присутните членови на ССНМ.

Потоа збор зема Павле Беловски од ССНМ, кој истакна дека ССНМ веќе три години активно делува во МРТ и дека, според него, еден од клучните предизвици во изминатиот период бил недоволниот институционален дијалог и комуникација, што се одразило и врз реализацијата на одредени иницијативи и активности. Тој нагласи дека Македонската радио-телевизија треба да го задржи своето место како водечки јавен сервис и значајна медиумска институција во државата.
Во своето излагање, Беловски оцени дека со активностите на актуелниот состав на Програмскиот совет е отворен простор за синдикален плурализам, различни ставови и поконструктивен социјален дијалог, што, според него, претставува позитивен исчекор во функционирањето на МРТ.
Тој потсети дека секој репрезентативен синдикат има право да иницира преговори за склучување колективен договор и оцени дека за понатамошно ефикасно функционирање и реализација на планираните активности е важно да се отпочне процес за подготовка и склучување нов Колективен договор. Според него, со новиот колективен договор ќе се овозможи појасно и посеопфатно уредување на правата, обврските и работните услови на вработените во сите организациски единици на МРТ, со што ќе се создаде поголема правна сигурност и предвидливост во работните односи.

Потоа збор зема Наталија Зафировска, која се осврна на потребата од преиспитување и унапредување на постојната систематизација на работните места. Таа посочи дека е потребно да се разгледа можноста за изработка на нова систематизација или за измена на одредени делови од постојната, со цел да се надминат постојните ограничувања во професионалниот развој и напредувањето на дел од вработените. Во таа насока, таа истакна дека преку постепен и внимателен пристап може да се дојде до поквалитетно и пофункционално решение.

Понатаму збор зема Јован Лесански кој рече дека со години наназад немало слух за одредени работи кои тие ги воочувале и дека се надева на успешна соработка и реализација на многу работи за поголем успех на јавниот сервис.

Следна збор зема Билјана Георгиевска која истакна дека се тука со позитивна мисла и надеж дека ќе се решат поголемиот дел од проблемите со кои се соочуваат.

Повторно збор зема Перо Момировски, кој истакна дека ССНМ како најголема еснафска организација во државата е фокусирана на заштитата на правата и интересите на вработените. Тој нагласи дека ССНМ е отворен за соработка со раководството и Програмскиот совет и дека како втор репрезентативен синдикат сака активно да придонесе во унапредувањето на социјалниот дијалог во МРТ. Воедно, тој укажа на потребата од решавање на статусот на хонорарните соработници и дописниците, како и од отпочнување постапка за подготовка и склучување нов Колективен договор.

Беким Лачи зема збор и постави прашање кои конкретни придобивки би ги имале вработените од евентуален нов Колективен договор во однос на правата и решенијата кои веќе се уредени со постојниот Колективен договор. Воедно, тој се осврна и на потребата од воспоставување појасни стандарди и критериуми за оценување на работниот ангажман и резултатите од работата.

Во врска со ова прашање, Павле Беловски изрази став дека евентуалниот нов Колективен договор би требало да претставува можност за унапредување и доуредување на постојните решенија, како и за попрецизно регулирање на правата и обврските на вработените. Според него, содржината на новиот Колективен договор треба да биде предмет на преговори и договор помеѓу социјалните партнери во рамки на колективното договарање.

Ивана Ефремовски зема збор и се осврна на прашањето за можностите за напредување на вработените со средно образование, посочувајќи дека има вработени кои со години посветено и квалитетно ги извршуваат своите работни задачи, но имаат ограничени можности за кариерен развој поради формалните услови предвидени за одредени работни места.

Во дискусијата, Наталија Зафировска предложи во рамки на евентуалните преговори за нов Колективен договор да се разгледа можноста за воведување на посебни решенија поврзани со кариерниот развој и напредувањето на оваа категорија вработени.

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ Давор Пашоски се заблагодари за присуството на членовите претставници на ССНМ и ги повика претставниците на Синдикалната организација при МРТ.

Претседателот продолжи со своето излагање и рече дека, ова е продолжение на комуникацијата која веќе е воспоставена и претставува можност за директна размена на мислења со директорот на МРТ во однос на актуелните состојби, предизвици и идни приоритети.

Програмскиот совет останува посветен на создавање услови за конструктивен и инклузивен социјален дијалог во кој сите репрезентативни синдикални организации ќе имаат можност рамноправно да ги претставуваат интересите на вработените.

Во продолжение беше истакнато дека и во наредниот период приоритет ќе претставуваат активностите насочени кон финансиската и институционалната стабилност на МРТ, модернизацијата и дигиталната трансформација, подготовката на новата петгодишна стратегија за развој, започнувањето на процесот за подготовка на нов Закон за МРТ, кадровскиот развој, подобрувањето на условите за работа, како и понатамошното јакнење на социјалниот дијалог и колективното договарање.

Во рамките на овие процеси и во консултација со релевантни правни експерти, Програмскиот совет ги разгледува можностите за понатамошно унапредување на социјалниот дијалог и колективното договарање во МРТ. Во таа насока, намерата е да се придонесе кон создавање услови за поинклузивен и пофункционален модел на колективно договарање, кој ќе овозможи активно учество на сите репрезентативни синдикални организации, како и навремено отворање на разговорите поврзани со идното уредување на колективните права и обврски, имајќи предвид дека важноста на актуелниот Колективен договор истекува во текот на оваа година.

Целта на сите овие процеси да се водат транспарентно, низ дијалог, меѓусебна доверба и почитување на улогата на сите чинители во институцијата.

Во таа насока, Претседателот на Програмскиот совет замоли СО при МРТ да ги претстави видувањата за клучните прашања кои ги засегаат вработените, очекувањата од менаџментот и Програмскиот совет, како и да дадат предлози за понатамошно подобрување на состојбите во МРТ. Дополнително, а имајќи во предвид дека денешната средба е пред сè посветена на директна размена на мислења со директорот на МРТ, предложи најнапред да му се даде збор на директорот накратко да ги претстави своите приоритети, планови и активности за претстојниот период.

Директорот на МРТ, Зоран Ристоски, зема збор и истакна дека неговата основна цел е стабилизација, модернизација и развој на Македонската радио-телевизија, со цел јавниот сервис повторно да го заземе местото и улогата што му припаѓаат во македонскиот медиумски простор. Тој нагласи дека подобрувањето на правата на вработените, условите за работа и професионалниот развој на кадарот претставуваат негов врвен приоритет и едно од најважните прашања со кои се соочува институцијата.
Во своето излагање, директорот посочи дека во МРТ постојат повеќе отворени прашања кои со години останале нерешени и кои бараат системски пристап, при што особено ја нагласи

потребата од подготовка на нов Колективен договор и нова систематизација на работните места. Според него, токму преку овие процеси ќе се создадат предуслови за пофер, потранспарентен и помотивирачки систем на работа, кој ќе овозможи подобар професионален развој и поголема сигурност за вработените. Воедно, тој информираше и за плановите за воспоставување на академија за новинари и медиумски професионалци во рамки на МРТ, како механизам за обука и развој на кадри, со цел обезбедување на континуитет и подигнување на професионалните стандарди во јавниот сервис.
Тој истакна дека заштитата и унапредувањето на правата на вработените треба да се потврдуваат преку конкретни активности, мерки и резултати, а не само преку формални иницијативи и преписки, изразувајќи подготвеност за соработка со сите релевантни чинители во насока на решавање на наталожените проблеми и унапредување на состојбите во МРТ.

Збор зема Љубица Пуцаревиќ од Синдикалната организација при МРТ, која ги информираше присутните дека до Синдикалната организација е доставено мислење од Министерството за економија и труд по претходно поднесен допис од нивна страна, при што истото им беше доставено на сите членови на Програмскиот совет и на директорот. Во продолжение, таа се осврна на наводите содржани во мислењето, во кое, меѓу другото, се наведува дека: “Синдикалните организации немаат правен субјективитет и во правниот промет настапуваат преку синдикатот на повисоко ниво, односно својот правен легитимитет го добиваат од синдикатот на повисоко ниво каде што се впишани. Ова значи дека правен легитимитет може да има само синдикат на повисоко ниво, а не и синдикална организација. Оттука, синдикална организација, како ентитет без правна способност, не може сама, независно од синдикатот на повисоко ниво да настапува како носител на права и обврски во правниот промет. Ваква организација, која не е регистрирана во рамките на синдикат на повисоко ниво не може да учествува во постапките пред работодавачот, ниту може да и се признае својство на репрезентативен синдикат на ниво на работодавач, без претходно исполнување на законските обврски. Дополнително Министерството за економија и труд има исклучиво административна надлежност во делот на уписот на синдикатите на повисоко ниво во Регистарот на синдикати”.

По изнесувањето на делови од содржината на доставеното мислење, претседателот на Програмскиот совет укажа дека предмет на средбата се прашањата поврзани со социјалниот дијалог, работните услови и иницијативите за унапредување на правата на вработените, при што предложи дискусијата да остане фокусирана на темите за кои е свикана средбата. Воедно, информираше дека доставеното мислење ќе биде разгледано од страна на Програмскиот совет и дека, доколку се оцени за потребно, ќе биде побарано соодветно правно мислење или дополнително правно појаснување од надлежни стручни лица.

Слаѓана Миливојевиќ од СО при МРТ зема збор и рече дека се согласува со зборовите на Директорот Зоран Ристоски, дека вработените се бранат со дела, а во изминатиот период тие тоа го покажале. Таа истакна дека приоритет е нов Колективен договор, бидејќи важноста на стариот веќе истекува, а воедно Колективниот договор е најбитниот акт за вработените. Исто така таа посочи дека има многу вработени чие образование, стручност и компетенции не се соодветно вреднувани. Потребно е да се воспостави систем во кој знаењето, квалификациите и резултатите од работата ќе бидат основен критериум за професионален напредок и признавање. Вработените треба да бидат распоредени и ангажирани во одделенијата во кои работат и за кои имаат соодветни знаења, со цел поефикасно и поквалитетно извршување на работните обврски. Исто така потребно е да се изготви квалитетна и функционална систематизација на работните места, која ќе овозможи правилен распоред на вработените според нивното образование, работно искуство и компетенции. Таа се осврна и на условите за работа во кои работат вработените и истакна дека треба да се подобрат. Рече дека како синдикална организација многу пати до сега барале варосување, промена на прозори, реновирање на тоалетите, плафон, под, функционални лифтови, кои се повеќе од потребни на вработените со над 55 годишна возраст. Во своето излагање, таа посочи дека во изминатиот период Синдикалната организација во повеќе наврати доставувала барања и дописи поврзани со одредени продукции и копродукции, со цел да добие дополнителни информации и појаснувања, при што наведе дека не добиле одговор на сите поставени прашања.

На ова се надоврза директорот на МРТ, Зоран Ристоски, кој изрази подготвеност да се запознае со наведените прашања и побара од Синдикалната организација да му ги достави сите досегашни дописи и барања поврзани со продукции и копродукции, со цел истите да бидат разгледани.

Понатаму Слаѓана Миливојевиќ говореше и за тоа дека е потребно програмата која се емитува да биде предмет на мерење и анализа, со цел да се утврди нејзината гледаност и интересот на публиката. На тој начин би се добиле релевантни податоци за гледаноста на МТВ.

На горенаведеното се надоврза претседателот на Програмскиот совет, Давор Пашоски, кој истакна дека веќе постојат институционални механизми за следење и оценување на успешноста на програмските содржини. Во таа насока, тој посочи дека Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ) редовно изготвува годишни анализи и истражувања преку кои се следат гледаноста, довербата и позиционирањето на МТВ во однос на останатите телевизиски сервиси во државата.

Слаѓана Миливојевиќ ја поздрави иницијативата за воспоставување Академија за новинари, оценувајќи дека таа може да придонесе за создавање и развој на нови професионални кадри во јавниот сервис. Притоа, таа истакна дека е особено важно македонскиот литературен јазик повторно да добие соодветно место во програмските содржини на МТВ, нагласувајќи дека јавниот сервис има обврска да придонесува за неговото негување и правилна употреба. Воедно, таа укажа на кадровските предизвици со кои се соочуваат редакциите и одделенијата во МРТ и изрази надеж дека со ангажирањето на нови соработници ќе се создадат услови за натамошно јакнење на програмските капацитети. Според неа, телевизијата и радиото имаат потреба од нови генерации професионалци кои ќе придонесат кон нивниот развој и препознатливост. Понатаму таа се освРна и на дигитализацијата на архивата, која претставува богатство кое МРТ го поседува.

Директорот Зоран Ристоски истакна дека по преземањето на функцијата се запознал со состојбите и предизвиците со кои се соочува МРТ и дека веќе се преземаат конкретни активности за нивно надминување, во согласност со законските прописи и можностите на институцијата. Тој оцени дека голем дел од проблемите се наталожувале подолг временски период и дека нивното решавање бара систематски и одговорен пристап.
Во своето излагање, директорот посочи дека условите за работа во повеќе сегменти не се на посакуваното ниво, а како предизвик ги наведе и меѓучовечките односи во институцијата. Според него, неопходно е да се создаде позитивна и мотивирачка работна атмосфера заснована на професионалност, взаемна почит, тимска работа и соработка, како предуслов за поефикасно функционирање и развој на јавниот сервис.
Тој нагласи дека МРТ мора повторно да стане силен, професионален и влијателен јавен сервис кој ќе го заземе местото што го заслужува во медиумскиот простор и ќе биде препознатлив по квалитетот на својата програма и професионалните стандарди.
Воедно информираше дека е во тек постапка за ангажирање на надворешни соработници, со цел дополнително кадровско зајакнување на програмските и продукциските капацитети на МРТ и внесување нова енергија во работењето. Во однос на систематизацијата, тој истакна дека истата ќе се подготвува во согласност со реалните потреби и организациската структура на МРТ, со цел создавање пофункционален и поефикасен систем на работа.
На крајот од своето излагање, директорот изрази очекување дека Синдикалната организација при МРТ ќе биде конструктивен партнер во процесот на реформите и унапредувањето на состојбите во институцијата, со заедничка цел создавање посилен, постабилен и поуспешен јавен сервис.

Потоа зема Збор Љубица Пуцаревиќ која рече дека Директорот на МРТ има целосна поддршка од Синдикалната организација при МРТ.

Понатаму, претседателот Давор Пашоски се заблагодари за исцрпната и конструктивна дискусија и констатираше дека во текот на разговорот Синдикалната организација при МРТ отвори повеќе прашања и предизвици кои во голема мера се совпаѓаат со приоритетите на Програмскиот совет. Тој истакна дека прашањата поврзани со подобрувањето на условите за работа, кадровскиот развој, професионализацијата на институцијата и јакнењето на социјалниот дијалог се меѓу клучните приоритети на Советот во претстојниот период.

Збор зема Томислав Кежаровски, кој посочи дека покрај прашањата поврзани со работничките права и колективното договарање, внимание треба да се посвети и на актуелните програмски и продукциски предизвици на МРТ, при што како пример го наведе прашањето поврзано со Светското првенство. Тој оцени дека јавноста не располага со доволно информации за состојбите и предизвиците во тој сегмент.

По исцрпувањето на дневниот ред, Претседателот на Програмскиот совет на МРТ констатираше дека 46-та седница на Програмскиот совет на МРТ е завршена. Претседателот се заблагодари за присуството, со што ја затвори четириесет и шестата седница на Програмскиот совет на МРТ во 15:25 часот.

Записникот го водеше:

Емилија Камчева Стојановска

Претседател на Програмски Совет на МРТ

02-3462/2
12.06.2026г.

________________________

Давор Пашоски